***Број: 02 - 25017/2***
***18.12.2008 година***
***С к о п ј е***

# ***ЗАПИСНИК***
***од XLVII -та седница на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 18.12.2008 во 11.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р. Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - претседател**;***
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси;*

- *Зоран Крајоски, помошник на директорот за контрола;*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен);*
- *Златко Алексов, директор за јавни набавки (делумно присутен);*
- *Бранислава Катушевска, началник на одделението за преговарање и договарање (делумно присутна);*
- *Љубица Димитровска, началник на одделението за финансии (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*На седницата присуствуваше и Петар Каранаков, претседател на комитетот за ДСГ.*

*Пред почетокот на седницата, Горан Коевски укажа дека според деловникот за работата на Управниот одбор, материјалите за седницата треба да се доставуваат најдоцна седум дена пред денот на нејзиното одржување. Деловникот дозволува, но по исклучок, во итни случаи, да се свика седница и во пократок рок, а во таков случај итноста од свикување на седницата претседателот задолжително треба писмено да ја образложи на првата наредна седница. Значи, тоа треба да биде исклучок, а честото користење на оваа можност не е добро за квалитетот на работата на Управниот одбор. Членовите на Управниот одбор се именувани од Владата, но тие се и претставници на определени со законот утврдени интересни групи за чии интереси треба да водат сметка. Оттаму, постои потреба и за консултации со нив, што е оневозможено со кратките рокови до седницата.*

*Директорот Тренкоски се согласи дека често се случува закажување на итни седници. Објасни дека причина за тоа е вкупниот менталитет и начин на работа во земјата. Фондот не е тој што ја диктира ваквата фреквенција на работа, но како институција е дел од системот и неговото постапување е поврзано со останатите органи и инстутиции и одлуките што тие ги донесуваат. Особено е тоа случај кон крајот на секоја година. Изрази надеж дека во иднина итното закажување на седници ќе биде навистина само исклучително.*

*По ова, Горан Коевски уште еднаш ја истакна деловничката одредба за потребата итноста од закажувањето на седницата да биде во писмена форма образложена од претседателот на следната седница, и побара таквото образложение да се внесе во записникот.*

*Потоа, поради отсуство на претседателот на Управниот одбор Снежана Костадиноска Милошеска, седницата ја отвори заменикот на претседателот Фисник Ибраими. Откако утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, го предложи следниот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од XLV седница на УО одржана на 28.11.2008 година;*
- *Усвојување на записникот од XLVI седница на УО одржана на 05.12.2008 година;*

1. *Барање од Специјалната болница по хируршки болести Филип Втори за зголемување на годишниот буџет;*
2. *Референтни цени на сервисни здравствени услуги;*
3. *ДСГ анализи и реализирани активности од ФЗОМ во периодот јуни - октомври 2008 и предлог на ДСГ вредност на бод;*
4. *Извештај за долговите на јавните здравствени установи;*
5. *Корекција на буџетските плафони на Општата болница Гостивар и Клиниката за хируршки болести Св. Наум Охридски - Скопје заради исплата на старите долгови;*
6. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
7. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита;*
8. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита;*
9. *Разно.*

*Потоа, ги запозна членовите на Управниот одбор дека од Министерството за здравство, до Управниот одбор се упатени две писма. Едното се однесува на приоритетните инвестициони вложувања во јавните здравствени установи а другото на дополнителна распределба на неискористените средства кои беа наменети за сервисирање на долговите во јавните здравствени установи. Побара Управниот одбор да ги разгледа овие две писма во рамките на точката што се однесува на извештајот за долговите на јавните здравствени установи. На крајот, праша дали има други предлози за дневниот ред на седницата.*

*Страшо Наумоски побара, точката 7 и 8 од предлог - дневниот ред да не се разгледуваат на оваа седница. Ова е барање на Лекарската комора на Македонија поради потребата за проучување на овие два правилници.*

*Директорот Тренкоски и Лазар Трајчев укажаа дека овие правилници не се однесуваат на лекарите чии интереси ги репрезентира Лекарската комора туку на здравствени установи. Секако дека Лекарската комора може да достави свои мислења и предлози за нивно изменување, но не е оправдано поради тоа да се одложи нивното разгледување на оваа седница.*

*Директорот Тренкоски побара, под точката разно, да бидат разгледани: предлогот на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за*

*здравствено осигурување на Македонија, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите, Одлуката за измена и дополнување на планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, како и Управниот одбор од страна на помошникот на директорот за правни работи Лазар Трајчев да биде известен за преговорите што беа водени помеѓу Фондот и Лекарската комора на Македонија.*

*Ромела Поповиќ Трајкова пак побара, точките 2 и 3, поради поврзаноста на материјата да се разгледаат заеднички.*

*Исто така, под точката 4 - предлогот за корекција на буџетските плафони на Општата болница Гостивар и Клиниката за хируршки болести Св. Наум Охридски - Скопје заради исплата на старите долгови се дополнува и со предлог за корекција на буџетскиот плафон на Здравствен дом Охрид, а средства треба да се одобрат и за Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје.*

*Управниот одбор ги прифати предлозите, по што едногласно го усвои следниот*

## ***Д Н Е В Е Н Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XLV седница на УО одржана на 28.11.2008 година;*
- *Усвојување на записникот од XLVI седница на УО одржана на 05.12.2008 година;*

1. *Барање од Специјалната болница по хируршки болести Филип Втори за зголемување на годишниот буџет;*
2. *ДСГ анализи и реализирани активности од ФЗОМ во периодот јуни - октомври 2008, предлог на ДСГ вредност на бод и Референтни цени на сервисни здравствени услуги;*
3. *Извештај за долговите на јавните здравствени установи;*
4. *Корекција на буџетските плафони на Општата болница Гостивар, Здравствен дом Охрид и Клиниката за хируршки болести Св. Наум Охридски - Скопје и одобрување на средства на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје заради исплата на старите долгови;*
5. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
6. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита;*
7. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на*

*здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита;*

8. *Разно.*
    *8.1 Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
    *8.2 Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите;*
    *8.3 Одлука за измена и дополнување на планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
    *8.4 Известување за преговорите што беа водени помеѓу Фондот и Лекарската комора на Македонија*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XLV седница на УО одржана на 28.11.2008 година;*

*Љубиша Каранфиловски побара, неговата дискусија по точка 1 од дневниот ред на страна 7 од записникот, да се коригира така што зборовите „да не им се поставуваат ограничувања на работењето во нивната основна професија“, да се заменат со зборовите „да не им биде комплетно исклучено работењето во нивната основна професија“.*

*Горан Коевски побара записникот да се дополни и со образложението за итноста од свикувањето на седницата.*

*Со овие корекции, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од XLV седница на УО одржана на 28.11.2008 година.*

- *Усвојување на записникот од XLVI седница на УО одржана на 05.12.2008 година;*

*Љубиша Каранфиловски побара, неговата дискусија по точка 1 од дневниот ред на страна 3 од записникот, во првиот пасос, да се коригира така што зборовите „побара во старите долгови кои треба да се намират да се вклучат средства и за реализација на разликата за неприменета спогодба за надоместоците на вработените по 3.400 денари кои јавните здравствени установи ги долгуваат на своите вработени).“ да се заменат со зборовите „побара во старите долгови кои треба да се намират да се вклучат средства и за реализација на разликата за непримена на спогодбата за пресметка на плата и додатоци за единица по коефициент од 3400 денари за периодот од септември 2006 до септември 2007 (6 месеци 3180, 3 месеци 3250 и 3 месеци 3350 денари).“*

*Горан Коевски побара и записникот од XLVI да се дополни со образложението за итноста од свикувањето на седницата.*

*Со овие корекции, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од XLVI седница на УО одржана на 05.12.2008 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Барање од Специјалната болница по хируршки болести Филип Втори за зголемување на годишниот буџет*

*Ромела Поповиќ Трајкова во врска со барањето објасни дека согласно Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Специјалната болница по кардиохирургија Филип Втори-Скопје на осигурените лица на Фондот во 2008 година, Фондот на болницата треба да и исплати 389.200.000 денари до крајот на годината. Меѓутоа, со пристигнатата фактура за услугите извршени во ноември, која е со висина од 38 милиони денари, овој износ е надминат. Од болницата бараат, вкупниот надоместок да се зголеми за 10.618.094 денари, со што ќе достигне вкупна висина на ниво на годината од 399.818.094 денари.*

*Зоран Крајоски извести дека и последните контроли од секторот за контрола, ја потврдија веќе познатата констатација дека договорот со кој се уредуваат односите помеѓу Фондот и Филип Втори содржи недоследности и дека е потребна негова замена со нов. Контролата на Фондот укажува дека е потребно притоа да се наведат сите комбинации на услуги кои болницата ги дава на осигурените лица на Фондот, зашто тоа е предуслов за исплата на средства.*

*Директорот Тренкоски потсети дека и од Филип Втори се согласни со потребата од склучување на нов договор и дека тоа секако ќе треба да се направи за 2009 година. Но сега се поставува прашање за плаќање на фактурата за веќе извршените услуги во 2008 година.*

*По ова, Управниот одбор донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Специјалната болница по кардиохирургија Филип Втори-Скопје на осигурените лица на Фондот во 2008 година***

*со која се зголеми надоместокот на болницата заради плаќање на фактурата,и*

***Одлука***

*со која се задолжува менаџментот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, да стапи во преговори со Специјалната болница за хируршки болести Филип Втори - Скопје, за склучување на нов договор за уредување на меѓусебните односи на Фондот и болницата за услугите што болницата ги дава на осигурените лица на Фондот. Преговорите да завршат најдоцна до крајот на јануари, и со склучување на нов договор од февруари да престане да важи постоечкиот договор.*

***ТОЧКА 2 -*** *ДСГ анализи и реализирани активности од ФЗОМ во периодот јуни - октомври 2008, предлог на ДСГ вредност на бод и Референтни цени на сервисни здравствени услуги;*

*Воведно излагање по оваа точка даде Петар Каранаков, претседател на комитетот за ДСГ. Објасни дека проектот за воведување на ДСГ системот е започнат пред повеќе од една година со започнување на користење на специјалниот софтвер - ДСГ групер, изработен од фирмата Сеавус. Оттогаш, во системот се внесуваат по околу 20000 пациенти месечно. ДСГ (дијагностички сродни групи) е нов систем на класифицирање и финансирање на третманот во здравството што во денешно време го имаат воведено или се подготвуваат за негово воведување речиси сите земји. Од земјите во регионот најдалеку во неговата примена е отидено во Романија. Инаку, кај нас, поради проблеми со серверот пред околу еден месец беа загубени извесен број на податоци од месец ноември и поради тоа, се побара од болниците повторно да ги внесат податоците со што се надеваме дека до крајот на оваа седмица загубите ќе бидат надоместени. Се работи за податоци за цените на здравствените услуги кои се потребни за утврдување на цената по методот top - down. За добиените податоци да бидат веродостојни, треба да знаеме колку одредена услуга ќе чини според методот  bottom - up. Овие анализи треба да доведат до цена која ќе биде доволна за плаќање на услугата. Потоа ги запозна членовите на Управниот одбор дека минатата недела била спроведена обука за финансиски менаџери заради спроведување на ДСГ системот која била успешна. Предвидено е и обучување на посебни ДСГ кадри кои ќе вршат обука на нови кадри за работа според ДСГ системот. Овие кадри треба да ги заменат лекарите во здравствените установи, па тие ќе можат да се посветат исклучиво на работата во својата област на медицината.*

*На прашањето на Горан Коевски како се одвива обуката и колку лица се досега обучени, одговори дека овој викенд во Скопје ќе бидат обучени 60 лица, а следната во Битола исто толку. Сметаме дека во земјата се потребни меѓу 700 и 800 обучени ДСГ кадри. Бидејќи ДСГ системот е спротивен на претходно применуваниот систем, се надеваме дека овие обучени кадри ќе придонесат за негово побрзо напуштање и примена на новиот систем. Додаде и дека Фондот како финансиска установа, треба да биде отворен кон болниците и да им помага за подобро разбирање на системот и за цената на услугите која им ја плаќа.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека сега буџетите на болниците се состојат од средства за лежечките болни, за акутните болни, за специјалистичко - консултативни услуги и таканаречени ДСГ сервисни услуги, кои влегуваат во рамките на ДСГ како помошни услуги.*

*Директорот Тренкоски дополни дека заради спроведување на системот е предложено и донесување на одлуки за утврдување на референтните цени на услугите во болничката здравствена заштита како и на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита под точка 6 на дневниот ред и на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита под точка 7. Потребно е да се има референтна цена за секоја ДСГ група.*

*Директорот Јелникар кажа оти треба да сме свесни дека ДСГ системот не е добар ако нема и награден механизам за оние болници кои се успешни. Токму ДСГ системот треба да ни укаже кои болници работат добро а кои не.*

*Петар Каранаков истакна дека е добро што се предлагаат референтни цени и дека не е невообичаено во земји што започнуваат со примена на ДСГ системот цените  и често да се менуваат. Исто така е важно и пациентот кога влегува во болница да знае колку точно ќе треба да плати учество за секоја одделна услуга.*

*Ромела Поповиќ Трајкова ги образложи сите спроведени активности од страна на ФЗОМ за спроведување на ДСГ во РМ и спреоведувањето на акциониот план што беше во прилог на материјалите на УО, заедно со сите направени финансиски анализи за 4 месеци од јуни до септември и додаде дека предложените цени се изготвени според методологијата усвоена од Управниот одбор на 43-та седница и дека комисијата која работеше на цените одржа околу четириесет состаноци со ЈЗУ заради верифицирање на ценовникот. Цените се однесуваат на комплетно завршени услуги.*

*Борис Јосифовски праша кој ќе ги врши плаќањата според овие цени а Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека според тие цени ФЗОМ ќе плаќа према болниците за сите лежечки болни пациенти по ДСГ ценовникот, а за сервисните услуги по референтни цени ќе се вршат плаќањата помеѓу болниците.*

*Потоа, Фисник Ибраими ја заклучи расправата по оваа точка, и предложи Управниот одбор да ги донесе двете одлуки за утврдување на референтни цени. Додаде и дека Фондот треба да следи како тие  ќе се спроведуваат во праксата и да изготвува повремени анализи.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи***

*и*

***Одлука***
***за утврдување на референтни цени на сервисни услуги кои се користат во болничката здравствена заштита***

***ТОЧКА 3 -*** *Извештај за долговите на јавните здравствени установи*

*Ромела Поповиќ Трајкова го презентира извештајот за долговите на јавните здравствени установи. Таа објасни дека согласно заклучоците на Владата, јавните здравствени установи најпрвин ги искористија средствата од жиро сметките и орочените средства за подмирување на старите обврски кои ги имаат, а потоа Фондот за здравствено осигурување изврши исплата на здравтвените установи за покривање на преостанатите долгови. Комплетните средства се обезбедени од буџетот на Фондот за здравствено осигурување, со буџетски трансфер од Министерството за финансии. На*

*30.11.2008 година јавните здравствени установи пријавија вкупно долгови во износ од 664.240.013 денари а дополнително долгови пријавија ЈУ Зеднички работи во износ од 112.740.240 денари,Општа болница-Гостивар 2.581.632 денари и Клиника по хируршки болести- Св. Наум Охридски - Скопје 9.898.342 денарииили во вкупен износ од 789.460.227 денари од кои 629.006.558 денари (или 79,68%) се потврдени долгови со записник и исплатени, а 160.453.676 денари (или 20,32%) се непотврдени износи со записник и се во фаза на понатамошно доутврдување. Во овој износ влегуваат долгови кои Јавните задравствени установи ги пријавиле кон други ЈЗУ, односно нереално ги утврдиле долговите заради што овие износи ќе бидат повратени, потоа пријавени се долгови кон добавувачи кои неможат да се идентификуваат и истите со Одлука на пописна комисија кај ЈЗУ треба да се отпишат, постојат стари долгови повеќе од три години кои по Законот за облигации имаат основ за отпишување, има присилна наплата на долг во меѓувреме со што пријавениот износ треба да се поврати. Во оваа група на непотврдени долгови се обработени пријавените долгови од ЈУ од областа на здравството за потребите на клиниките, институти и завод (Заеднички работи)-Скопје, и тоа во износ од 25.252.130 денари наследени долгови од Клинички центар по основ на кредит кај Стопанска банка за набавен ангиограф за Клиниката за кардиологија за кои износ ќе има дополнитено дефинирање и износ од 112.740.240 денари нови долгови на ЈУ Зеднички работи настанати во периодот од 05.09.2007 до 30.11.2008 година. Подмирувањето на долговите во јавните здравствени установи ќе значи обезбедување на финансиски услови за успешно тековно работење на јавните здравствени установи со можност за објективно тековно оценување на успешноста во работењето на секоја јавна здравствена установа поединечно и подобрување на стандардот на здравствена заштита на осигурениците.*

*Јавните здравствени установи со Одлука на Управните одбори извршија отпис на своите побарувања од други јавни здравствени установи во износ од 505.687.946 денари.*

*Додаде и дека акцијата за чистење на долговите најверојатно ќе мора да продолжи и во јануари кога ќе се појават нови долгови.*

*Во врска со средствата кои ќе преостанат по намирувањето на долговите на здравствените установи, Фисник Ибраими ги запозна членовите на Управниот одбор со двете писма упатени од Министерството за здравство до Управниот одбор. Министерството во писмото 13-17206/1 бара средствата да се употребат за приоритетни инвестициони вложувања во јавните здравствени установи. Наведе дека по иницијатива на Министерството, е постигната согласност со Претседателот на Владата, средствата да се распределат врз основа на сруктурата на повеќе отпишаните побарувања. Со тоа ќе се избегне неправедното отпишување на дел од долговите кај одделни јавни здравствени установи и ќе се обезбедат услови за успешно работење на менаџерските тимови. Се предлага средствата да се распределат на следните здравствени установи: Универзитетска клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување - Скопје, Универзитетска клиника за клиничка биохемија - Скопје, Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје, Универзитетска клиника за радиологија - Скопје, Републички завод за здравствена заштита - Скопје, Завод за здравствена заштита Куманово, Завод за здравствена заштита Велес, Завод за здравствена заштита Битола, Завод за нефрологија Струга, Републички завод за трансфузиологија - Скопје и Завод за здравствена заштита - Тетово.*

*Во второто писмо (13-16124/3), Министерството укажува на приоритетните инвестициони вложувања во јавните здравствени установи за кои бара да се насочат средства. Ова поаѓајќи од потребата за изменување и дополнување на Програмата за инвестициони вложувања во јавните здравствени установи за 2008 година и од можностите создадени со преостанатите средства за сервисирање на долговите на јавните здравствени установи.*

*Директорот Тренкоски објасни дека голем број од одобрените постапки за јавни набавки во јавните здравствени установи нема да се реализираат и дека средствата предвидени за нив ќе може да се насочат за приоритетите на кои укажува Министерството. Ќе треба да се види точно кои постапки ќе останат нереализирани па врз основа на тоа ќе се знае колку средства ќе може да се пренасочат.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:** Стручната служба на Фондот, за седницата на 23.12.2008 година да изготви преглед на постапките за јавни набавки во јавните здравствени установи одобрени со Програмата за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2008 година, кои нема да се реализираат до крајот на 2008 година. Средствата од нереализираните постапки за јавни набавки, да се наменат за инвестициони вложувања според листата на приоритети од Барањето Бр. 13-16124/3 на Министерството за здравство*

***ТОЧКА 4 -** Корекција на буџетските плафони на Општата болница Гостивар, Здравствен дом Охрид и Клиниката за хируршки болести Св. Наум Охридски - Скопје и одобрување на средства на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје заради исплата на старите долгови;*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека заради исплата на старите долгови, потребно е да се зголемат буџетските плафони на Општата болница Гостивар, Здравствен дом Охрид и Клиниката за хируршки болести Св. Наум Охридски - Скопје. Во овие јавни здравствени установи дополнително записнички се утврдени долгови и за тоа е потребно за тој износ да се коригираат буџетите. Предлагаме и средства во висина од 30 милиони денари да се наменат за Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје. Ова е во согласност со член 9 од Одлуката за основање на оваа установа и заклучоците на Владата на Република Македонија од триесет и втората седница одржана на 23.11.2008 година.*

*По ова, Управниот одбор дногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година***

*со која се коригирани буџетските плафони на Општата болница Гостивар, Здравствен дом Охрид и Клиниката за хируршки болести Св. Наум Охридски - Скопје заради исплата на старите долгови, и*

***Одлука***
***за одобрување на средства на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје***

*со која се одобрени средства на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје заради исплата на старите долгови.*

*По оваа точка, поради неодложни обврски, седницата ја напушти Горан Коевски.*

***ТОЧКА 5 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Лазар Трајчев објасни дека пред неколку месеци беше побарано од Лекарската комора да им се овозможи на матичните лекари да упатуваат пациенти на продолжено лекување на територијата на целата држава а не само на потесното подрачје. По разгледувањето на барањето од страна на стручната служба на Фондот, како оптимално решение се предлага, упатувањето да може да се врши на поширока територија, па се предлага зборот „подрачје “ да се замени со зборот „регион“.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето, по што едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***

*со кој зборот „подрачје “ да се заменува со зборот „регион“.*

***ТОЧКА 6 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита*

*Лазар Трајчев објасни дека овој правилник, како и правилникот од точка 7 на дневниот ред, претставуваат правна рамка за одлуките донесени под точка 2. Тие се неопходен услов за утврдување на референтните цени според ДСГ системот.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита***

***ТОЧКА 7 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита*

*Потребата од донесување на овој правилник беше објаснета од Лазар Трајчев во врска со правилникот од точка 6 на дневниот ред, поради што Управниот одбор едногласно донесе и*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко- консултативна здравствена заштита***
***Одлука***

***ТОЧКА 8 -*** *Разно*

*8.1 Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Слаѓана Пешевска објасни дека од Владата конечно е доставено решение за разрешување на поранешниот заменик на директорот, па сега систематизацијата на работните места треба да се усогласи со Законот за здравственото осигурување и да се брише работното место заменик на директорот. Покрај ова, се зајакнува и секторот за контрола.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со кој се вршат предложените измени и дополнувања*

*8.2 Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите*

*Лазар Трајчев објасни дека Фондот одржал состанок со Стоматолошката комора на кој е постигната согласност за потребата, согласно директивите на Европската унија да се изврши замена на штетните амалгамски пломби со*

*бели пломби. Исто така, треба да се утврди и висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на стоматолошките здравствени услуги во согласност со предлогот на Стоматолошката комора.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите***

*8.3 Одлука за измена и дополнување на планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Златко Алексов објасни дека секторот за информатика поради зголемен број на сервери и работни станици смета дека треба да се зголеми проценетата вредност на набавка. Според секторот за информатика, еден дел од работните станици се за вработените кои досега немале компјутери а еден дел е за замена на постарите работни станици кои се застарени, што претходно не било предвидено.*

*На прашањето на Љубиша Каранфиловски, дали со оваа измена ќе се зголеми буџетот за јавни набавки, директорот Тренкоски и Златко Алексов одговорија негативно.*

*Фисник Ибраими праша дали Фондот има средства за оваа набавка, со оглед на фактот што зголемувањто е за 19 милиони денари.*

*Директорот Тренкоски одговори дека Фондот веќе ги има овие средства, набавката на нови сервери е неопходна а плаќањето ќе биде во 2009 година.*

*По ова, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за измена и дополнување на планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*8.4 Известување за преговорите што беа водени помеѓу Фондот и Лекарската комора на Македонија*

*Лазар Трајчев го извести Управниот одбор дека беа одржани бројни состаноци со Лекарската комора на Македонија. На овие состаноци беа разгледани сите аспекти на договорите за 2009 година: роковите за пријавување на промени, обрасците кои ќе се користат, лековите кои нема да влезат во буџетот, договорните казни и други прашања од значење за односите помеѓу Фондот и здравствените установи. Изрази задоволство што преку состаноците е дојдено и до заеднички утврдена содржина на договорите. Усогласен е рокот за комплетирање на лекарскиот тим од 20 дена на 15 дена, бројот на остварените поени на гинеколозите е зголемен од 2000 на 3000, начинот на пресметување и плаќање на здравстени услуги е изменет, усогласен е прилогот А на договорот за ампуларната терапија во примарна здравствена*

*заштита, утврдена е листата на ампули за итни состојби, извршени се измени кај едностраното раскинување на договорот, усогласена е постапката за начинот на раскинувањето на договорот и изрекувањето на договорните казни, извршени се измени во висината и прегрупирање на договорните казни, постигната е согласност за зголемување на капитационит бод кај избраните лекари од 45 на 50 денари, намален е рокот за исплата на капитацијата од 90 на 60 дена.*

*Со тоа беше исцрпен дневниот ред на седницата, и Управниот одбор во 14.30 ч. ја заврши работата на XLVII -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Фисник Ибраими***